КАРПОШ УРБАН

Весник на локалната самоуправа
јули-август 2015, бр. 54-55 • година 7



КАЛИОПИ ГО „ОБОИ“ КАРПОШ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
ISSN 1857-6753

СТАРТ НА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПОКРИВИ ВО КАРПОШ



Со јавен повик за изградба и реконструкција на нови покриви во колективните станбени објекти, Општина Карпош почна со големата акција за изградба и санација на покривите на колективните станбени објекти на своја територија.

Станарите од зградата на улица „Никола Тесла“ бр.18 се првите кои самоиницијативно собраа финансиски средства од околу 20.000 евра за изградба на покрив. Пред првата таква зграда која е за пример во општината, градоначалникот Стевчо Јакимовски ги презентираше критериумите и условите за пријавување на јавниот повик и за материјалната поддршка од локалната власт. - Средствата за нов покрив ќе се доделуваат врз основа на критериуми и со бодирање, кое ќе зависи од староста на зградата, од бројот на станови коишто ги има самата зграда. Доколку се работи за реконструкција на покриви, ќе се процени оштетеноста на покривот и колку се оштетуваат становите на станарите кои живеат на највисоките катови – рече Јакимовски. Она што ќе го донира Општина Карпош до заедниците на станарите е ламарината, шрафовите како и парната брана, а граѓаните ќе бидат должни, доколку се работи за нов покрив, да обезбедат работна рака, покривна конструкција, како и да имаат проект кој треба да биде со градежно одобрение од Општина Карпош.

Претставникот од заедницата на сопственици на станари најави брз почеток со изградбата. -Изготвен е проектот и истиот помина преку општинските инстанци, од каде што добивме одобрение за градење. Тоа е истакнато јавно, во двата влеза, односно секој може да го види, и на база на предмер - пресметката од самиот проект е дојдено до сумата која е потребна да се реконструира покривот. Како заедница на станари собравме над 20.000 евра. Но, се разбира, ни недостасуваа средства, па се обративме во писмена форма до локалната самоуправа која ни излезе во пресрет. Изведувачот веќе го имаме и во секое време очекуваме со отпочнување наработите. Покривот практично не ни постоеше, бидејќи имаме беспокривна конструкција со проодна тераса.

Во Општина Карпош веќе се пристигнати првите барања за поддршка во реконструкција на покривите.

М.Г.

ГРАНТ ЗА НОВ ПЛОШТАД И УЛИЦИ ВО БАРДОВЦИ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски потпиша договор за доделување финансиска поддршка за изградба на нов плоштад и улици во налсебата Бардовци. Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и додели на Општината грант од 20 милиони денари за изградба на нов плоштад во Бардовци, како и негово хортикултурно уредување.

Предвидено е со овие средства на одредената локација да се постави и урбана опрема, осветлување и детско игралиште.

Финансиска поддршка од 15 милиони денари, Општината доби и за проектот изградба на улиците „10“ и „12“ како и за нови тротоари во населбата Бардовци.

ВО ОВОЈ БРОЈ



ВЕТЕНО-СТОРЕНО

ЖЕШКО РАБОТНО ЛЕТО ВО ОПШТИНА КАРПОШ 6



МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

ЗБРАТИМЕНАТА ЛАПТА ВО ВОЗВРАТНА ПОСЕТА НА КАРПОШ 14



ОБРАЗОВАНИЕ

КРЕАТИВЕН ЦЕНТАР КАРПОШ - УСЛОВИ ЗА КРЕАТИВНИ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ 16



ИНТЕРВЈУ

Доне Милјановски, академски сликар

УМЕТНОСТА Е ЧУДНА И ВОЗВИШЕНА РАБОТА 18



СПОРТОРАМА

ОПШТИНА КАРПОШ-ДОМАЌИН НА ШАХОВСКОТО ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО 2015 30



Издава Општина Карпош
Ул. Радика бр. 9
1000 Скопје, Р. Македонија
тел.: 02 / 30-55-901
факс: 02 / 30-71-040
kontakt@karpos.gov.mk
www.karpos.gov.mk

Издавачки совет
Ристо Иванов
Зоран Костов
Димче Мешковски
Томе Груевски
Бојан Милошевски

Главен и одговорен уредник
Виолета Цветковска
vikipr@karpos.gov.mk

Редакција
Мила Глигорова
Ива Манова
Јоана Станиќ
Живко Трајановски

Технички уредник
Зоран М. Гулевски

Лектура
Ангелина Николовска
Живко Трајановски

Фотографија
Ива Манова
Амел Амед

Маркетинг
Александар Бошковски

СТАРТУВАШЕ РЕКОНСТРУКЦИЈАТА НА „ПРАШКА“



Реконструкција на атмосферска канализација, рабници, тротоари, коловози и улично осветлување, започнааа да се изведуваат на улицата „Прашка“ во Општина Карпош. Таа е една од поголемите улици во Тафталице 1 и на неа ќе се интервенира во должина од 1015 километри. Вредноста на реконструкцијата е над 15,5 милиони денари. Реконструкцијата на десет улици и на атмосферска канализација во Карпош е врз основа на проект кој го финансира Светска банка во вкупна вредност од 35 милиони денари.

Првиот човек на општината, Стевчо Јакимовски, официјално истакна дека во наредните месеци следува период на реконструкција на повеќе улици и на атмосферска канализација. –Со оваа улица започнуваме со проектот за реконструкција на улици и атмосферски канализации на територија на Општина Карпош. Овој проект е финансиран од страна на Светска банка и со помош на Министерството за финансии. На улицата „Прашка“ на која ќе биде реконструиран коловозот, рабниците, тротоарите и уличното осветлување. Во исто време ќе се реконструира атмосферската канализација на улиците „Анкарска“, „Струшка“, „Алжирска“, „Багдатска“ и „Борка Талески“ како и атмосферската канализација на улиците „Влае“, „Франц Прешерн“ и „Корушка“. Со овие зафати во овие делови во општина Карпош ќе ги ставиме целосно под контрола атмосферските води и граѓаните во наредниот период нема да имаат проблеми со мешање на атмосферската и фекалната канализација.

Овој проект е вреден околу 35 милиони денари, а инаку одобрени средства од Светска банка се над 45 милиони денари и веруваме дека проектот за шест месеци успешно ќе заврши, па дури ќе бидат одобрени и дополнителни средства - рече Јакимовски.

На стартот на работите присуствуваше и министерот за финансии, Зоран Ставрески, кој ја пофали Општината и задолжените лица при подготовката на проектот кои работеа според сите високи стандарди на Светска банка. - Сакам да ја пофалам Општината, односно вработените кои учествуваа во подготовката на проектот којшто ги задоволи високите стандарди на Светска банка - изјави во оваа пригода вицепремиерот во владата на Република Македонија, Зоран Ставрески. Станува збор за улици кои што преку 40 години откако се изградиле во изминатиот период не биле реконструирани или немало атмосферска канализација, така што иако се работи за една исклучително урбана и градска средина, каде што голем дел од комуналните прашања претходно се добро решени, сепак има места каде дополнително треба да се интервенира.

Средствата од Светска банка се обезбедени по извонредно поволни услови, со рок на отплата од 13 години, од кои првите три години има грејс период, каматната стапка изнесува 0,6 проценти. Се работи за проект кој ќе реши прашање за атмосферска канализација и изградба на тротоари и реконструкција на улици за над 3,5 илјади жители на Општина Карпош - истакна Ставрески. **М.Г.**



Почитувани сограѓани,

Изминатите два месеца-јули и август, за Општина Карпош значеа месеци на интензивна работа, градење, реконструкции, подготовки на повеќе полиња од секојдневното живеење на Општината. Во релативно „мирниот“ период на училишен распуст и годишни одмори, наспроти долгото и претопло лето, за нас, локалната власт, едноставно немаше одмор. Првенствено затоа што пред нас претстои период кој моравме едноставно да го пречекаме подготвени и да го искористиме секој миг кој ни дозволуваше нормално да функционираме. На прагот на новата учебна година се и сите воспитно-образовни институции, училишта и градинки, мораше да ги кондиционираме за што подобар старт на новата школска година. Во тој период ги дезинфициравме и ги молерисавме училишните кујни каде се хранат нашите деца, ги извршивме сите неопходни поправки и занаетчиски работи во училиштата каде што имаше потреба, во училиштето „Војдан Чернодрински“ во Тафталице 1, во градинката „Пролет“, во ООУ„ Димо Хаџи Димов“ и во многу други.

Паралелно работевме на реконструкција на дел од водоводната мрежа, атмосферска канализација, асфалтирање на улици, како што беше улицата „1010“ во Козле, а стартувавме и со капитални проекти како што се деветте улици на кои целосно ќе ги обновиме коловозите, рабниците, тротоарите, осветлувањето. Стартувавме од најголемата улица во Тафталице „Прашка“, а на долгата листа се и „Струшка“, „Анкарска“, „Алжирска“, „Багдатска“, „Борка Талески“, „Франц Прешерн“, кракот на „Франц Прешерн“ со „Корушка“, улицата „Влае“ кадешто треба да се среди атмосферската канализација. Сите овие се вградени во проект на општината кој доби висока преодна оценка кај експертите од Светска банка и со помош на Министерството за финансии успеавме да добиеме негово поволно финансирање во износ од 35 милиони денари. Доколку успешно ги завршиме работите во наредните шест месеци се надеваме дека ќе успееме да повлечеме уште десет милиони од кредитот на Светска банка и да реализираме уште некои приоритетни инфраструктурни проекти.

Работевме и на новата општинска зграда кадешто од двете страни, западната и северната, ги завршивме термоизолациските работи и се надеваме дека до крајот на годината дел од неа ќе биде вселив и подготвен за постепено вселување на администрацијата.

Во наредните два месеца освен за новата учебна година се подготвуваме и за еден голем спортски настан. Имено, веќе е познато дека Карпош е домаќин на Европското клупско првенство за жени и мажи во шах, нешто што го добивме само врз основа на нашиот труд и реноме, со долгогодишното и квалитетно организирање на шаховскиот турнир „Карпош опен“ заедно со нашиот проверен партнер Шаховскиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ“. Треба да се пречекаат неколку стотини врвни светски шахисти, интернационални и велемајстори на најстарата игра на светот и повторно да се покажеме како достојни домаќини.

Карпош влезе во организацијата и на Бизнис-баскет турнирот, каде ги повикавме сите фирми од Карпош и од градот да формираат свои кошаркарски тимови-аматери вработени во компаниите од Карпош и да си „ги измерат“ своите таленти и можности во овој атрактивен спорт.

Се разбира летото е период кога многу посветуваме на културниот и на забавниот живот на карпошани. И овојпат, го организиравме „Културното лето Карпош“, овој пат под слоганот„Од Карпош за Карпош“ зад кој се крие идејата на организаторот, музичките, театарските и ликовните уметници кои го „осмислија“ овој двонеделен културен хепенинг да се или да биле жители на Карпош. Карпош е урбана и креативна средина, и „муза“ на многу уметници и навистина не беше проблем да најдеме врвни имиња од сферата на сите видови музика и уметноста кои ни приредија дузина незаборавни концерти, изложби, кинопроекции... Се почна со македонската музичка ѕвезда Калиопи која приреди незаборавен концерт на плоштадот „Делфина“, а заврши со вечерта на карпошанецот, композитор Огнен Неделковски и музичките идоли на младите Даниел Кајмаковски, Боби Мојсоски и Давид Темелков. Се надеваме дека и овојпат им ги разубавивме летните вечери на илјадници карпошани.

Пред нас е една работна есен, старт на училишните спортски лиги, на планирање на натамошниот развој на општината, на грижа за хигиената и зеленилото, она што го исполнува „окото“ но и на секојдневно решавање на потребите на граѓаните. Стартувавме со реконструкција на покривите, потоа доаѓаат на ред лифтовите, оштетените фасади кои се „акција во тек“ и низа други проекти одговорно финансирани со средствата од буџетот, односно од граѓаните на Карпош. Така посветено и одговорно продолжуваме и натаму.

Вашиот градоначалник, Стевчо Јакимовски

ЖЕШКО РАБОТНО ЛЕТО ВО ОПШТИНА КАРПОШ

Екстремно високите температури што ја зафатија земјата ова лето не беа доволно силна причина да запрат амбициозните градежни активности раководени од Секторот за уредување на градежно земјиште и комунални работи при локалната самоуправа. Во Карпош се градеше насекаде. Се асфалтираше улицата „Леринска“, ул. „1010“, се градеа нови паркинзи зад Министерство за економија за околните станбени згради, продолжи работата околу новата административна зграда на Општината и многу други. Летото е период кога се вршат поправки и молеро-фарбарски и занаетчиски работи во основните училишта и градинките на територијата на Карпош. Подготвени стартуваме за следната есенска сезона.



Асфалтирање на ул „Леринска“

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ

- Реконструкција на фекална канализација во градинка „Пролет“ на ул. „Женевска“ во должина од 50м како и реконструкција на оштетени капаци од шахти во дворот на градинката;
- Реконструкција на пешачки патеки во дворот на градинка „Пролет“ на ул. „Женевска“;
- Санација на патека за ролери и велосипедисти на кеј на р. Вардар;
- Реконструкција на фекална канализација во дворот на ООУ „Димо Хаџи Димов“;
- Асфалтирање на ул. „1010“ (УЗ „Пецо Божиновски-Кочо“)
- Поставување на ограда на дел од дворното место на ООУ „Петар Поп Арсов“.

ПРОЕКТИ ВО ТЕК НА РЕАЛИЗАЦИЈА

- Изградба на хидрофорска станица во Средно Нерези;
- Реконструкција на тротоари на улици во населба Трнодол;
- Реконструкција со асфалтирање на ул. „Леринска“;
- Изведба на паркинг за 50 возила во рамките на ТЦ „Карпош 3“ „Лептокарија“;
- Изведба на фасада на општинска административна зграда.



Изведба на фасадна изолација на општинската зграда



Изведба на санитарни јазли во градинката „Распеана младост“



Изведба на фекална канализација во градинката „Пролет“



Паркинг ТЦ „Лептокарија“



Паркинг зад Министерство за економија

ВЕТЕНО
ОПШТИНА КАРПОШ
СТОРЕНО



Игралиште Жданец



Изведба на тротоарски патеки во Трнодол



Изведба на молеро-фарбарски работи во ООУ „Лазо Трповски“



Асфалтирање на ул. „1010“ во Козле

ПХВ МЕЃУ ДЕЦАТА ВО ООУ „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“

Програмата за промоција на хумани вредности или ПХВ е повеќе од мал проект. Тоа е љубов, среќа, радост. Да видиш како на некого му е подобро затоа што ти си му помогнал. Затоа што ти си се мачел и си давал се од себе за да помогнеш на некој да успее уште еден ден. Да има уште една насмевка на неговото лице. ПХВ програмата не само што не научи што е хуманост, не зближи со повеќе деца од повеќе градови. Секој ден се будиш со цел да дадеш дениска се од себе за некој да има подобро утро. Не затоа што мораш, туку затоа што сакаш! Тоа те прави среќен и исполнет. Тоа е ПХВ!

ОБУКИ

Во соработка со ООЦК-Карпош и Општината Карпош, со ментор Благородна Спировска и десиминатор Ален Осман, започнаа обуките кои беа стартот на нашето патување. Преку забава, игри и по некој тест, ни покажаа како треба да го документираме проектот, како дека ако не сме сите вклучени нема да успееме, ама и најважното, дека без компромис нема ништо. Преку проектот таканаречен „дрво“, сфативме дека за проектот да оди лесно, мора да ги разгледаме последиците и причините.

ЦЕЛНА ГРУПА

Со помош на нашиот десиминатор и ментор, успеавме да ја најдеме нашата целна група. Тоа беа децата од детската клиника „Козле“. За прв пат ја посетивме клиниката на 9. март 2015 година за да се видиме и посоветуваме со директорот. Во моментот им беше потребен оксигенометар, т.е. апарат за кислород. Потребни беа 500 евра. Бевме решени дека додека не ја извршиме нашата цел, не се откажуваме, затоа што тоа е многу мала цена за толку прекрасни дечиња. Како што рековме, така и сторивме.

АКТИВНОСТИ

Првата активност ни траеше два месеца. Неделно поминување со касички низ нашето училиште. Искрено, уште од почеток верувавме во нашите соученици. Знаевме дека знаат што е хуманост, и колку би ни значело дури и еден денар да донираат. Во втората активност продававме маски изработени од страна на децата од шесто до деветто одделение, по повод 1 април. Третата активност беше претстава по повод Денот на здравјето. Ги забавуваме децата околу два часа, а тие симболично „плаќаа карта” од по 10 денари.

Веднаш по претставата, организиравме базар по повод големиот христијански празник Велигден. Продававме украси направени од нашите соученици. Исто така, имавме и аукција за најубавото велигденско јајце. И мораме да напоменеме, секогаш не изненадуваат луѓето и нивната хуманост.



Најубавото за крај. На 7. мај беше одржана хуманитарна закуска. Беа продавани преубави јадења приготвени од страна на учениците и нивните семејства. Исто така имавме и многу помош од фабриката „Орбико“, кои ја сфатија нашата цел и ни помогнаа со донирање на нивни производи.

На 20 мај успеавме да ја реализираме нашата цел. Ја посетивме детската клиника „Козле“ и го подаривме долгоочекуваниот апарат. Мило ни е што успеавме да им донесеме насмевки на лицата.

ФИНАЛНА РАБОТИЛНИЦА

Секоја работа се наградува. Нашата награда, на наша голема радост, беше добивањето на ѕвезда што претставува најдобро осмислен проект на ниво на општина Карпош. Не наградија, исто така, што ни овозможија да ја посетиме финалната работилница во Струга. Никогаш не помисливме дека за тие два дена, 12-14 јуни, може некој да ти стане толку важен, дека за два дена можеш да научиш толку многу работи, ама и да се забавуваш. Им се заблагодарувам на Александра, Виоса, Кате и целиот останат тим на Црвен крст, затоа што поради нив јас можам со сигурност да кажам дека во тие два дена, уживав. Учевме за соединство, за хуманост, учевме и повеќе за Црвениот крст, но сето тоа успеавме да го научиме преку забава. Голема благодарност до Амбасадата на Кралството Норвешка, којашто го овозможи сето ова. Исто така, голема благодарност до ООЦК- Карпош и Општината Карпош, нашата менторка, десиминатор, прекрасниот тим на Црвен крст и сите останати што беа дел од нашето патување кон подобра иднина.

Благородна Спировска,
професор по биологија

ПОРКЕ НЕ (ЗОШТО НЕ?!)-ЛЕТНА ДОЗА НА КУЛТУРА ВО КАРПОШ

На 15-ти август стартуваше најголемиот културен бренд на Карпош „Културно лето Карпош 2015“. Со прекрасните звуци на „Црно и бело“, „Обои ме“ „Локомотива“, легендарната „Бато“ и мегапопуларната македонска и балканска ѕвезда Калиопи го „обои“ Карпош на самиот старт на годинашното, осмо по ред „Културно лето Карпош 2015“.

Преку триилјадната публика, жители на Општина Карпош но и многубројни „гости“ од другите скопски општини, Градот и Републиката, уживаа во летната музичка вечер која им ја овозможи локалната власт. Плоштадот „Делфина“ во Влае беше полн како „око“ од љубителите на добра музика и на фантастичната изведба на Калиопи, која самата беше повеќе од инспирирана од своите сограѓани. Во пауза меѓу две песни таа ја разнежи публиката со своите романтични сеќавања за големата љубов што се родила меѓу неа и нејзиниот Ромео токму тука, во Карпош 3, на клупите, што е „животна приказна“ и на многумина други млади.



Ова лето кое организаторот го подготви со слоган„Од Карпош за Карпош“ имаше идеја да биде со градски „шмек“, значи со многу музика, претежно џез, блуз, рок, класична музика и етно звуци. Тоа подразбираше во него да учествуваат уметници од



сите сфери кои се сегашни или поранешни карпошани, живеат или живееле во оваа урбана општина. И такви, меѓу 65-те илјади жители во Карпош, како што рече при самото отворање првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, ги има во доволна мера.

Свиреа алтернативен рок музичарите од „Никеја“, приредија незборавна „њујоршка ноќ“ тројцата светски етно-џезери, карпошанецот Александар Петров, Аргентинецот на пијано Леонардо Џеновезе и Италијанецот Франческо Маркочи на контрабас. Нив во доцните њујоршки дружења инспирација им бил токму македонскиот мелос кој прекрасно се вклопува во светскиот етно-џез.

Имаше музика за сечиј вкус, изворна македонска, хеви-метал, поп-концерт на Ристо Самарџиев, блуз на Игор Гуру Харе, како и Македонецот, рок-гитаристот под псевдоним Џими Роџерс кој својата музичка кариера ја гради во Европа. Како и поетско читање на Борче Грозданов. На Алпинистичка карпа настап имаа и хевиметал бендот „СТИЛ Темпл“, кои во јуни во „Комбат аренатa“ во Белград го отвори музичкиот фестивал „БЕЛГРАД КОЛИНГ“ со светски познатите „Џудас прист“ и „Хелоувин“. Доживување на скејт-паркот, беа „Перкушн бенд“ и „Криминал Сакс“ со диџеј Шваба.

Секако атракција беше и вечерта посветена на карпошанецот Огнен Неделковски и неговите дечки: Даниел Кајмакоски, Боби Мојсоски и Давид Темелков.



Ова беше летната доза на култура која локалната власт ја обезбеди за карпошани за ова претопло, но убаво лето.

В. Цветковска





ЗБРАТИМЕНАТА ЛАПТА ВО ВОЗВРАТНА ПОСЕТА НА КАРПОШ

По мартовското збратимување меѓу двете пријателски општини, Општина Карпош и Лапта од Северен Кипар, делегација на општината Лапта предводена од градоначалникот Фуад Намсој престојуваше во шестдневна официјална посета на локалната самоуправа. Домаќин на видните гости беше Градоначалникот Јакимовски кој топло ги поздрави и им посака пријатен престој во Општина Карпош како и денови поминати во прошетка и релаксација на повеќе локации во нашата држава.

Пријателите од Лапта како докажани љубители на фолклорот беа гости на Карпошовото културно лето, и тоа вечерта кога на Амфитеатарот на репертоар беше токму концертот на Благоја Ѓуевски и Милица Кузмановска со македонски народни песни. Освен тоа, тие ги посетија Хавзипашините конаци, Охрид, Свети Наум, градот на конзулите - Битола и многу други знаменити места во нашата држава.

Градоначалникот на Општина Лапта, Фуад Намсој изрази благодарност до Јакимовски и Општина Карпош за гостопримството и можноста да се запознае македонската традиција, музиката, храната и се разбира со македонската историја.

На официјалниот прием беа разменети подароци меѓу Општина Карпош и Општина Лапта во знак на благодарност и желба за понатамошна соработка, а гостите од Северен Кипар ветија дека повторно ќе дојдат во нашата убава општина.

М.Г.

ЗБРАТИМЕНИТЕ НОРМАНДИЈЦИ ВО ПОСЕТА НА КАРПОШ

Осумчлена делегација од збратимената општина на Општина Карпош од Флери сир Орн од Долна Нормандија беше во официјална петдневна посета на Општина Карпош од 21 до 25 август. Делегацијата која ја предводеше градоначалникот на Флери Сир Орн Марк Лекреф,заедно со замениците градоначалници е во контекст на договорениот проект кој во април годинава го предложија членовите на делегацијата на Општина Карпош за културна размена и соработка во сферата на културата меѓу двете пријателски општини. Во тој контекст, во рамки на Културно лето Карпош 2015, во саботата имаше организирано и изложба на фотографии на францускиот фотограф, кој воедно беше и член на делегацијата, Жангуи Л Карпетје.

Инаку, гостите од Нормандија освен што ги прими градоначалникот Стевчо Јакимовски имаа



можност да ги посетат туристичките локалитети и знаменитости во Карпош, како и градот на УНЕСКО-Охрид.

М.Г.

ПРЕВЕНЦИЈА ПРОТИВ НАРУШУВАЊЕТО НА ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Летниот период од годината е „добредојден“ за нарушување на јавниот ред и мир на граѓаните во општина Карпош. Освен тоа, често се случува млади деликвенти, во доцните часови, да ги уништуваат урбаните забавни паркови како и училишните објекти. Ваквата појава беше тема на работниот состанок меѓу градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, претставници од полициската



станица „Карпош“ и претседателите на урбаните заедници.

На состанокот се презентира Програмата на полициската станица „Карпош“ за преземање на превентивни мерки против нарушување на јавниот ред и мир и потребата од зачестена полициска патрола на територијата на општината. Првиот човек на локалната самоуправа реагираше за задоцнетиот план на СВР Карпош за преземање на мерки за спречување на деликвенцијата која е присутна од страна на некои млади жители. - Општина Карпош, преку целата година, а посебно во летниот период, кога децата се на летен распуст, се соочува со сериозни проблеми, како оштетување на општинските и државните објекти, и сето она што е обезбедено и потрошено со народните пари. Во исто време граѓаните се жалат дека во раните утрински часови се соочуваат со викотници и несоодветно однесување. Имаме разбирање за потребите на младите, но исто така сме се потрудиле да обезбедиме и одредени катчиња каде ќе можат нормално да функционираат. Сепак сето ова е во насока да дејствуваме како што треба и граѓаните да бидат задоволни.

По тој повод, командирот на полициската станица „Карпош“, Роберт Петрушевски, накратко го презентираше планот во кој се поместени зачестени полициски патроли низ Општината и тоа во доцните часови. - Општината ја поделивме на три сектори, односно секој сектор ќе има по една патрола, по двајца полициски службеници, но би сакале да присуствува и по еден претставник од урбаните заедници и да бидат вклучени во патролите. Во планот се предвидени позачестени патроли и покривање на места укажани од страна на граѓаните и од страна на вработените лица во урбаните заедници во Општина Карпош. На истата патрола ќе бидат вклучени инспектори, како и службеници на МВР од одделот за малолетничка деликвенција и вработени во СВР Карпош.

На средбата секој претставник од урбаните заедници ги истакна проблемите со кои се соочуваат во текот на годината, а особено во летниот период и им беа наведени на полициските службеници како проблем на кој треба навремено да се дејствува и коректно да се заврши.

М.Г.

КАРПОШ ГО ПОМНИ СКОПСКИОТ ЗЕМЈОТРЕС

Делегација на Општина Карпош предводена од секретарот на Општината, Бојан Милошевски, шефот на Кабинетот на градоначалникот, Петар Теов и раководителот на Одделението за односи со јавноста, Виолета Цветковска, положија венец цвеќе на Гробиштата на настраданите во земјотресот во 1963 година.

Делегацијата на Карпош беше една од мноштвото делегации и претставници на власта, дипломатскиот кор и локалните самоуправи кои пригодно оддадоа почит и сеќавање на жртвите од најголемата катастрофа која пред 52 години го зафати Скопје.

Карпош беше населба со речиси најголем број настрадани граѓани.





КАРПОШ 4 ЌЕ ДОБИЕ 300 НОВИ САДНИЦИ

Општина Карпош ќе добие 300 нови садници во наслебата Карпош 4. И покрај бујното зеленило, Советот на Општина Карпош одлучи да се збогати просторот со обновување на шумскиот фонд. Ова беше предлогот на претседателот на Советот, Сашо Лазаревски, за засадување садници во урбаната заедница Карпош 4. Предлогот беше прифатен од советниците, но по нивна иницијатива го дополнија истиот со тоа што ќе поднесат барање до Град Скопје, ЈП „Паркови и зеленило“ за проверка на постојната состојба на дрвјата, односно селекција на стари, болни и дотраени дрвја, кои, пак, ќе бидат заменети со нови. Целта на оваа акција, покрај другото, е доказот за граѓаните од овој дел дека Општината се грижи за зеленилото на територијата на Карпош. Со новите садници, Советот пристапува до граѓаните тврдејќи дека ниту една педа од зеленилото нема да биде одземена, напротив, ќе се обновува и ќе се надградува, а паркинзи нема да има.

По шпекулациите за ДУП-от од овој дел на Општината, дека на зелениот простор ќе се градат паркинзи, Советот на последната седница одлучи Карпош 4 да биде населба со најголем број на дрвја и зеленило, каде граѓаните ќе можат да уживаат во летниот период под дебелите сенки, а зимскиот период да ги штити од несакани честици. Најавено е дека до октомври ќе се изработи планот за реализација на одлуката за засадување нови садници во урбаната заедница Карпош 4.

М.Г.

ПОДГОТВЕНИ ЗА НОВАТА УЧЕБНА ГОДИНА

На прагот сме на новата учебна година, па затоа ги извршивме сите неопходни поправки и занаетчиски работи во училиштата каде што имаше потреба. Во училиштето „Х.Т.Карпош“ се вршеше поправка на фасадата и молерисување на соблекувалните. Во „Вера Циривири Трена“ се вршеше вградување на вентили и санација на постојната грејна структура како и нејзино преадаптирање за греење со геотермални води. Во „Лазо Трповски“ се молерисуваа четири кабинети, два санитарни јазли и, соблекувални во спортската сала како и холот на училиштето.

Во „Владо Тасевски“ молерисување на училници, хол, спортска сала, санитарни јазли, а во „Димо Хаџи Димов“ нова фекална канализација. Во училиштето „Вера Циривири-Трена“ е направен нов паркет во спортската сала. **М.Г.**



КРЕАТИВЕН ЦЕНТАР-КАРПОШ - УСЛОВИ ЗА КРЕАТИВНИ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

Неколкупати порано на страниците на Урбан Карпош е пишувано за тоа дека со последните интервенции во изградбата и реконструкцијата на основните училишта, условите за образование на младите во Карпош се европски. Но, општина Карпош тука не застанува. Следна цел е да се унапреди практичната настава во нашите училишта и да се обезбедат услови за работа со надарени и креативни ученици.

Заради тоа, Членот на Советот во општина Карпош, проф. д-р Зоран Т. Поповски, изработи елаборат за формирање на Креативен центар – Карпош кој ги опфаќа основните училишта во општината и има цел опремување на училиштата со соодветна опрема која ќе им овозможи услови на заинтересираните ученици и нивните наставници да истражуваат во областа од нивен интерес, како и да придонесе во нивната идна професионална ориентација.



Креативниот центар се состои од десет единици, и тоа: Ученички истражувачки центар, Уметнички центар за млади, Мини астролошка опсерваторија, Детска ботаничка градина, Мини пластеник за здрава храна, Дом за животни, Мини погон за рециклажа, Ученичка еколошка станица, Детски центар за ракотворби и Мини метеоролошка станица. Секое училиште од Карпош во своите рамки ќе има по една од овие единици за кои ќе бидат обезбедени соодветни услови. Заради утврдување на капацитетите на училиштата за отворање на ваквите единици беше извршена посета и анализа на десетте основни училишта во Општина Карпош каде што беа утврдувани условите за тоа кое училиште со какви просторни и кадровски услови располага за да се направи конечен избор во кое училиште каква единица ќе се организира.

Во меѓувреме Советот на општина Карпош на својата августовска седница донесе одлука за прифаќање на проектот за формирање на Креативниот центар-Карпош и одобри сума од пет милиони денари за негова реализација.

Останува до крајот на годината да се изврши адаптација и уредување на просторот во училиштата, да се набави неопходната опрема за Центарот и да се реализира обука на наставниците за користење на набавената опрема. Покрај опрема за Центарот, во рамките на овој проект е предвидена набавка и на поголема количина на нагледни средства за десетте училишта која ќе овозможи унапредување на редовната практична настава и на воннаставните активности на учениците.

Граѓаните на општина Карпош може да очекуваат дека од 2016 година во нивната општина ќе почне да функционираат десет своевидни инкубатори за откривање, следење и развој на заинтересирани и надарени ученици. Низ нив ќе поминуваат, освен учениците од училиштата каде што се наоѓаат инкубаторите, и ученици од другите училишта од општината зависно од нивниот интерес. Е па млади карпошеви креативци, очекувајте подобри времиња за Вас.

Томе Несторовски – технички координатор на Креативниот центар-Карпош



Говор на академик д-р Цветан Грозданов, византолог

КАРПОШ УЧЕСНИК НА МЕЃУНАРОДНИОТ НАУЧЕН СИМПОЗИУМ ВО СЛЕПЧЕ

Во рамките на Демирхисарското културно лето се одржа Меѓународен научен симпозиум за значењето на духовноста, литературното и уметничкото творештво во манастирот „Свети Јован Крстител“ во Слепче, заедно со околните манастири во село Журче и Топлица. Општина Карпош беше поканета како учесник-гостин на овој голем научен собир.

Овој манастир важи за духовен и уметнички книжевен центар, а годинава на него учествуваа гости од земјава и странство со свои научни видувања, трудови и споредбени анализи на иконографијата и фрескописите досега објавени во јавноста. Симпозиумот беше отворен од академикот Цветан Грозданов, истакнат византолог и проучувач на византиската култура на овие простори, како и со поздравен говор на градоначалникот на Демир Хисар, Љупчо Блажевски, академикот Владо Камбовски и митрополит Преспанско-пелагониски Петар. Свој активен придонес на Симпозиумот дадоа и научни работници, односно докторанти од Институтот за историја и Универзитетот „Свети Климент“ од Софија-Бугарија, како и видни гости од соседна Србија. Сите тие презентираа свои осврти за најновите истражувачки достигнувања во изнаоѓањето на факти и сознанија за и околу Слепченскиот манастир кои се поместени во архивите на Софија, Белград и по целиот Балкан. -Д-р Ангелина Поповска од завод за заштита на споменици, во своето излагање го раскажа начинот на кој беше исчистена иконата на Исус Христос од Слепчанскиот манастир на кој со чистењето беше откриен таинствен печат со натпис. - Проф. др Ели Касапова од архитектонскиот факултет при УКИМ говореше за начинот на градбата и релјефните апликации на манастирот. Посебно се стави нагласка за манастирската дејност низ вековите како светилиште за развој на уметноста, науката и пишаниот збор, како и за градбите и археолошките испитувања вршени на овој простор. Заклучните поставки и презентираните сознанија ќе бидат објавени во зборникот кој ќе биде издаден во таа чест, во текот на оваа година.

Врз основа на сите стекнати сознанија на Симпозиумот ќе биде поднесен извештај до Владата на Република Македонија со цел да се издејствува помош за санација на фрескописите на околните манастири како Топличкиот манастир, Журче и околните, кои егзистираат во овој регион. Исто така се планира, следната година овој Симпозиум да прерасне во уметнички центар за творење и научни истражувања кои ќе траат повеќе денови.

Сашо Поповски

Доне Милјановски, академски сликар



УМЕТНОСТА Е ЧУДНА И ВОЗВИШЕНА РАБОТА

Доне Милјановски е иновативен уметник, кој создава имагинативни и надреалистички слики. Неговите лични трауматизирани сеќавања од детството се пренесени на сликите, прикажувајќи го модерниот свет ирационално. Тој е длабоко заинтересиран за менталната уметност или за уметноста која ги буди примарните емоции. Како уметник работи цртежи, слики, графики, таписерија.

Роден е 1941 година во с. Статица, Костурско. Доне Милјановски дипломирал на Академијата за применети уметности во Будимпешта, Унгарија. Од 1968 година, кога се враќа во Македонија станува член на ДЛУМ. Од 1971 година работи во РТС како илустратор, а потоа како сценограф и костимограф. Во 1977 година Доне Милјановски заминува на студиски престој во Париз, а од 1991 работи како доцент по текстилен дизајн на Факултетот за ликовни уметности во Скопје.

Милјановски остварил самостојни изложби во Нови Сад, Грожњан, Будимпешта, Скопје, Охрид, Гевгелија, Куманово. И учествувал на многубројни групни изложби во Србија, Хрватска, Унгарија, Белгија, Германија, Франција, Кина... Има добиено неколку награди, од кои би се издвоиле наградата за

графика на 11 Меѓународно триенале во Норвешка, за цртеж во Загреб, награда на Акварелниот симпозиум од Општина Карпош. Активно учествува и на ликовни колонии низ земјава, а најредовно на ликовните хепенинзи на „Карпошово лето“.

Во пресрет на отворањето самостојна изложба на 14 август на прилепско „Културно лето„ во Домот на културата „Марко Цепенков“ е и ова интервју со Доне Милјановски.

· Која е Вашата идеја? Дали сликате кога се чувствувате убаво или тажно?

- Мојот систем на работа е следниот-без разлика во каква техника се работи-слика во масло,акварел или графика, идејата ја поставувам на хартија со молив (скица). А дали таа ќе биде тажна или весела зависи од дадената тема, а чувството е секогаш убаво, бидејќи е убаво да се работи.

· Често во Вашите дела се застапени цркви. Дали тоа повеќе се должи на традицијата или поради религиозни побуди?

- Во моето сликарство често се сретнуваме со мотиви од нашето фреско-сликарство, а на тој начин сакам да ја продолжам традицијата. Се разбира, со малку фантазија тие се поставени надреалистички. Тука има од копнежот на вечните и неземни димензии на животот пластени и собирани на македонските простори.

· Таписеријата е Вашата примарна вокација на која не работите повеќе години. Која е причината?





- Таписеријата е прекрасна, но скапа и тешка работа. За да се изведе потребно е многу време и пари.

· Со оглед на тоа што сте живееле и во други земји, како ќе ја оцените нашата средина и важноста на посредство меѓу уметникот, создаденото дело и потенцијалниот купувач?

- Тој проблем постои многу години наназад и во побогатите држави. Секогаш постоеле љубители на уметноста, колекционери. А кај нас, во поново време, Министерството за култура покажа интерес за откуп на уметнички дела.

· Вашите впечатоци од времето кога бевте доцент по текстилен дизајн на Факултетот за ликовни уметности?

- Пред 15 години кога бев доцент на ФЛУ имаше идеја да се продолжи традицијата со старите занаети како таписерија, керамика, копаничарство. На студентите на ФЛУ требаше да им се покаже на кој начин се работи таписеријата. И иако порано во нашата земја немало село без разбој, на Факултетот немаше. Имаше само некоја импровизација со која рачно, тешко можеше да се направи таписерија.

· Дали животот го посветивте на уметноста или уметноста на животот?

- Уметноста е чудна и возвишена работа, без која не се може. Од мало дете, со молив во рака бележев се околу мене - се до моето дипломирање на Академијата за применети уметности во Унгарија.

м-р Марија Светиева



ИЛИЈА КАВКАЛЕВСКИ, АКАДЕМСКИ СЛИКАР

Овој доајен на македонската ликовна уметност завршил Училиште за применета уметност во Скопје и Академија за применета уметност во Белград, каде дипломирал сликарство во 1957 година. Извесно време работел како реставратор во Музејот во Прилеп, како и во Музејот на Македонија во Скопје. Во 1965 година оди на специјализација во Советскиот Сојуз. Член е на ДЛУМ од 1997 година. Имал неколку самостојни и групни изложби во Република Македонија, во Словенија и во Србија. Добитник е на шест награди меѓу кои: прва награда за „Портрет-автопортрет" на ДЛУМ, втора награда за плакат „ Дете и филм" во Белград, и последната на Акварелниот симпозиум на Општина Карпош.

Илија Кавкалевски зазема посебно место на македонската ликовна сцена како еден од најдобрите акварелисти. Акварелната техника му овозможува да ја прикаже својата лирска природа. Инспирацијата ја наоѓаше во најблиската околина и во секојдневниот живот, со најразлични мотиви. Сликите му се одликуваат со извонредна топлина и нежност, впрочем каков што и самиот беше. Акварелите на Кавкале оставаат впечаток на убава атмосфера, а не само чист запис на реалноста. Со мајсторско изведен потег на четката ја доловуваше композицијата.

Позната е една кинеска мудрост за акварелот како за умешноста да се јава див коњ, која е всушност универзална мисла за сликањето со оваа техника. Таа духовито ја истакнува тежината на оваа сликарска техника и непредвидливоста, бидејќи директно се истакнува способноста и искуството на сликарот. А Илија Кавкалевски беше вистински мајстор и имаше знаење за точниот однос на пигментот со водата.

Кавкале со својата суптилна уметничка работа која траеше повеќе од пет децении, во континуитет ќе остане забележан во македонската историја на уметност. Ќе го паметиме и по неговата скромност, вредност и добрина.

М. Светиева

КАРПОШ СЕ ПОКЛОНИ ПРЕД ПРВИОТ СКОПСКИ ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕД

Делегација на Општина Карпош предводена од секретарот на Општината, Бојан Милошевски, положи венец свежо цвеќе пред споменикот на Првиот скопски партизански одред, кој се наоѓа на територијата на Карпош.

На свечената манифестација која ја организираше Градскиот одбор на Сојузот на борците од НОАВМ, пред присутните гости, почитувачи на придобивките на НОВ и борци, говореше Трајко Стаматовски, претседател на градската организација на борците. Тој евоцираше спомени за формирањето на Првиот скопски партизански одред, првите вооружени акции организирани од диверзантските групи и жртвите кои паднале во борбата против фашистичкиот бугарски и германски окупатор.


Првиот скопски народноослободителен одред е формиран на 22 август 1941 година во Чифлик, Скопско, и во него се бореле 42 борци од сите националности, од кои 17 загинале во текот на Народноослободителната војна. Од овој одред дури тројца се прогласени за народни херои, и тоа: Раде Јовчевски-Корчагин, Боро Петрушевски и Александар Урдаревски.

Во оваа пригода, борците искажаа јавна благодарност до Општина Карпош што се грижи за одржување на нивното спомен обележје и е почитувач на нивните дела.

В.Ц.



НУТРИ СОВЕТИ ЗА ЗДРАВО ЛЕТО



Билјана Ристеска,
дипломиран нутриционист

Летните викенди на плажа, во двор со скара, вечерите на отворено и надвор од домот, конечно се присутни. Но овие дружења често се „натоварени“ со високо калорични тестенини, салати, чипс, сладолед, коктели и пива. Уживајте во топлото време и во вашите омилени намирници почитувајќи ги советите кои следат.

- Пијте зелен чај-помага за забрзување на вашиот метаболизам.
- Консумирајте морска храна – летото е идеално време за консумирање на морска храна. Лосос на скара, туна, јастог, школки, лигњи се идеална комбинација за добар протеински оброк со малку калории.
- Не го прескокнувајте појадокот – главен оброк кој никако не смеете да го заборавите. Внимавајте да не претерате во однос на количината и видот на храната. Се препорачува консумирање на лесна храна и парче до две овошје.
- Уживајте во летното овошје и зеленчук – летото е време кое изобилува со разни видови на овошје и зеленчук. Искористете го периодов и консумирајте најмалку четири овошни/зеленчукови порции на ден.
- Ужина на работа – однесете си на работа здрави намирници/закуски кои ќе ви се најдат за време на паузата, но и во текот на работниот ден. Кога јадете почесто во помали количини се намалува и можноста од прејадување и губење на енергијата.
- Земете спортски напиток свежо и домашно подготвен – за вежби кои траат подолго од 45 минути се препорачува пиење на спортски напиток/пијалок на секои 15-20 минути што помага во одржување на енергијата, зголемување на издржливоста и добра хидратација.
- Хидрирајте се често – летото и летната температура не прави повеќе подложни на дехидрација. Започнете го денот со пиење на две чаши вода. Носете шише со вода како потсетник за добра хидратација. Вкупната дневна количина на вода да не биде помала од 1,5 литар.
- Направете си опоравување со пост – тренинг шејк – после вежбање. Измиксирајте ги вашите омилени летни плодови со лажица протеин (суротка) во прав, направете си неодолив шејк кој ќе ве врати во живот, ќе ви помогне во опоравување по напорниот летен тренинг, ќе го зајакне нивото на енергија во телото и ќе ја дефинира вашата мускулна маса.
- Добро планирајте ги вашите оброци – не дозволувајте да направите грешка само затоа што претходно не сте испланирале што да јадете или не сте ги набавиле потребните намирници.



- Јадете здраво на плажа – сладоледот стои највисоко на листата на калорична храна за летниот период. Затоа е пожелно да се откажете од негово консумирање. Ладен овошен шејк, шише вода, сендвич со леб од цело зрно, јогурт и многу овошје се идеален избор за храна на плажа. Ќе се чувствувате поздраво и посреќно по вашиот ден на плажа.
- Исчистете ја летно вашата кујна – отстранете ја нездравата храна од вашиот дом за да не паѓате во искушение за консумирање на истата. Наполнете ја кујната со здрави намирници како јаткасти плодови, овошје, зеленчук и други здрави закуски.
- Чувајте ги остатоците безбедно – не чувајте никакви остатоци од храна и не ги јадете по третиот ден од нивнта преработка. Ако не планирате да ги јадете во овој период замрзнете ги веднаш.
- Не јадете храна која е чувана надвор од фрижидер повеќе од четири часа – особено живина, месо, морски плодови, варен ориз и тестенини.
- Избегнувајте допир со храна кога не се чувствувате добро. Ако имате дијареа, повраќање, болки во грлото, треска, кожни инфекции треба да избегнувате контакт со храна и веднаш да се обратите кај својот доктор.

Долго топло лето

АЛИМЕНТАРНИ ТРУЕЊА (ТРУЕЊА СО ХРАНА)

Летото е временски период кој го „преживуваме“ преку ладни напитоци, јадења, сладоледи кои пак можат да кријат големи опасности. Особено е ризично за хронично болните лица, граѓаните во поодминати години, бремените жени и малите деца се на удар на топлотните бранови кои директно влијаат врз здравствената состојба на луѓето. Но, сите тие се засегнати од заканата од алиментарните труења, во пошироката јавност познати како труења со храна.


Причинители и извори на контаминација

Високите температури и влагата се јавуваат како главни фактори за контаминација или труење со храна, а потеклото им е од летните дождови или од испарувањата на водните басени, кои создаваат одлична подлога за развој на микробиолошки инфекции. Не треба да се заборават и pH вредноста на производите, присуството или отсуството на оптимална температура.

Оптималната температура за развој на сите микроорганизми за температурата на воздухот е во интервал од 14°C до 40°C. Влагата или присуството на вода во производот е позната како Активна вода (Aw), а опасноста од неа се движи во следниов редослед на микроорганизмите: Clostridum, Escherichia coli, Salmonella, Staphylococci, Alternaria, Aspergilus niger, Mucor, Penicillium и други.Присуството и количината на колонии на овие групи микроорганизми е различна, опасна и токсична.

Подобро да се спречи отколку да се лечи

Мораме да ги знаеме следниве факти за проверка и чување на храната во летниот период во зависност од одредени видови храна: на млекото и млечните производи треба да се провери потеклото на производот и декларација, да се следат органолептичките својства, да се консумира пастеризирано и стерилизирано млеко, да се консумираат преработки од млеко – јогурт, кисело млеко, павлака и друг вид ферментирани производи од млеко. Нивното правилно чување во домашни услови треба да биде во согласност со декларацијата назначена на производот. Опасни микроорганизми во млекото се Micobacterium bovis, Brucela, Salmonella, Staphylococus aureus, Campylobacter, E. coli. Кај месото и производи од месо, риби и јајца исто така треба да се проверат органолептичките својства на производите, потеклото, проверка на температурата на ладилниците при транспорт и чување. При термичка обработка на производите температурата да не падне под 82° C. Јајцата треба да се чуваат во ладилници а не на сталажи во продавниците за храна. Порозноста на лушпата е приемчива за влез и развој на микроорганизми. Да се купуваат јајца со декларација и печат, односно од производител кој има



имплементирано HACCP систем.Морската риба би можела да предизвика тешки труења но и силни хистамински алергиски реакции кои колку подолго се чува во ладилник, нивото на овој алерген се зголемува. Нивно правилно чување и складирање во домашни производи во согласност со декларацијата назначена на производот. Предизвикувачи на труења кај месото, преработките од месо, рибата и јајцата најчесто се јавуваат: Salmonella, одредени типови на Staphylococi, Clostridium и др.

Дури и овошјето и зеленчукот кои се консумираат во свежа состојба најчесто се загадуваат од фекална вода (колиформни бактерии). Затоа е потребно миење на овошјето и зеленчукот пред употреба.

Во летниот период особено треба да се избегнува брза храна (ладни сендвичи, топли сендвичи – хамбургери со преливи на база на јајца и салца, пици и сл.) од сомнителен оператор и слатки, сладоледи и кремови.

Симптоми и прва помош

Мачнина, повраќање, дијареа, грозница која понекогаш е проследена со висока телесна температура, се првите знаци на алиментарно труење. Често овие труења ги мешаат со вирусните инфекции и не се презема навремено прва помош. За разлика од вирусните инфекции, труењата од храна можат во повеќе наврати додека се дијагностицираат да бидат фатални за човековиот живот. Токму затоа, секогаш во прва помош на овие труења е вклучен активниот, т.н. медицински јаглен кој ги врзува токсините, а претставува прва помош во случај на дијареа и повраќање. Следат лесните течности – чај од нане и од камилица за смирување на дигестивната „вознемиреност“ и ќе ги надополнат електролитите и изгубените минерали при дијареата и повраќањето. Секако, во наредниот период е задолжителна лесна и незачинета храна. Некои труења со храна како, на пример, ентерохеморагична Escherichia coli (EHEC), Shigella, треба да се пријават иако се јавил само еден случај.

м-р Ирена Калајџиева Милевска

РАМАЗАНСКА ПОМОШ ЗА СЕМЕЈСТВО ОД КАРПОШ

Верскиот празник Рамазан Бајрам е еден од најзначајните празници кои го прославуваат граѓаните од муслиманска вероисповед. По тој повод, Општина Карпош упати честитки со желби за заеднички соживот и градење на мир, спокојство и радост во сите домови без разлика на верските убеду-



вања. Тоа е уште една потврда дека во урбана општина како нашата, заедничкиот живот на граѓаните од различни националности придонесува за создавање позитивна, социјална и културна средина на живеење.

По повод прославувањето на големиот муслимански празник Рамазан Бајрам, Општина Карпош помогна во подготовката на трпезата на едно семејство од Нерези. Со полни пакети прехранбени производи, средства за хигиена, како и во нова облека, четиричленото семејство од населбата Нерези, имаше можност за празничните денови барем малку да ја збогати трпезата и подостоинствено да го чествуваат празникот.

Вработените од Одделението за детска, здравствена и социјална заштита при локалната самоуправа, во таа пригода беа пријатно пречекани од ова семејство со традиционалната турска баклава. Според реакцијата на домаќините, радоста беше голема бидејќи, како што изјавија, досега никој не им го честитал празникот на ваков начин. Особено изрази голема благодарност до градоначалникот Стевчо Јакимовски кој досега во повеќе наврати го посетил нивниот дом и разговарал за решавање на нивните проблеми.

М.Г.

БЕСПЛАТНИ УЖИНКИ И ЗА ЧЕТВРТООДДЕЛЕНЦИТЕ

Општина Карпош остварува повеќе од ветеното со Програмата 2015/2016 година од Одделението за образование при Секторот за дејности од јавен интерес.

Со почеток на новата учебна година бесплатни ужинки освен учениците од I, II и III одделение ќе добиваат и учениците од IV одделение. Во делот на образованието и грижата на децата во основните училишта како нивен втор дом, општината на овој начин им дава целосна поддршка на нивните родители олеснувајќи им ги семејните трошоци во текот на целата учебна година.

Подобрување на квалитетот на живеење на своите граѓани е еден од главните приоритети на Општина Карпош. Општината продолжува со по-



зитивната практика за подобрување на стандардот на своите граѓани, овојпат преку ослободување на трошоците за храна на основците. На овој начин семејниот буџет ќе се олесни или пренамени за други воспитно-образовни цели на учениците.




„МЕКА“ ЗА СВЕТСКИТЕ АКВАРЕЛИСТИ ПО СЕДМИ ПАТ

Традиционално, паралелно со „Културното лето Карпош“ се одржа и Меѓународниот акварелен симпозиум кој го организира Општина Карпош во периодот од 21 до 31 август.

Годинава се одржа седмиот по ред Меѓународен акварелен симпозиум, автентичен ликовен настан кој се етаблира сè повисоко на листата на светските уметнички случувања и за кој има сè поголем интерес меѓу уметниците.

Овојпат гости ни беа еминентни акварелисти од Јордан Али Ал Амери, од Турција Селим Гил и Тансул Озмен, од Србија Тања Николаевиќ Веселинов, од Грција Никос Киријаки, од Полска Грегор Калиновски и Анета Јазвинска и од Русија Ѓорѓи Малинков, како и домашните академски сликари, професорите од ФЛУ Зоран Јакимовски и Ибрахим Беди. Симпозиумот го удостоија и Нехат и Линдита Бекири, Симонида Филиповска-Китановска, Росица Лазевска, Марија Светиева, Милан Андов, Ана Апостоловска и Пандора Апостоловска Саздовска. Тие активно учествуваа на ликовниот хепенинг во Карпош, вообичаено ја посетија и вечната инспирација за сликарско творештво - живописниот Охрид. Конечно сите дела изработени во текот на годинешниот Симпозиум беа изложени на завршната изложба во ТЦ „Лептокарија“, проследена со прекрасниот вокал на Џон Илија Апелгрин.

В. Ц.





Карпош Комуницира

ИНТЕРНЕТ



НА БАРАЊЕ НА ЖИТЕЛИТЕ: Ќе зачестат полициските патроли во Карпош



НОВ "СОПСТВЕН" ПАРКИНГ ЗА ЖИТЕЛИТЕ НА КАРПОШ

Општина Карпош - Municipality of Karpos

Hristina Nancovska Bravo za Karops!

Vasko Kostov РЕСПЕКТ

Vasilevski Vladimir Se nadevame deka so postavuvanjevo na stolbcinjava konecno kje se resat problemite so parkiranjeto koj se provlekuvaat vekje so godini nanazad..

Секој вторник во 9.30 часот на радио **Урбан ФМ 90.8** слушајте ги најновите вести од Општината кои ги уредува Одделението за односи со јавност



Kaliopi @Kaliopi_KMP · Aug 16 View translation

Незаборавна ноќ...Благодарам Карпош! / Nezaboravna noc…Hvala Karpos! / Unforgettable Night … Thank you Karpos!



Evtina Struja @JustADweller · Aug 16 View translation

. @OpstinaKarpos уште еднаш а и секој ден ќе ве прашувам: Дали сметате дека законот треба да ги загрози здравјето и животот на граѓаните?

Opstina Karpos @OpstinaKarpos · Aug 17

@JustADweller Одговор од Градоначалникот: Одговорно тврдам ниту еден метар квадрат зеленило нема да се земе за паркинг место во Карпош 4

Nevena @buzaroska · Aug 16 View translation

@OpstinaKarpos Ве молам за појаснување во кој закон законодавецот бара при цртање на урбанистичките планови стандард за паркинг место ?

Opstina Karpos @OpstinaKarpos · Aug 17

@buzaroska Јакимовски: Се што требаше да се направи како паркинг во К4 општината го направи уште пред три години, нови – нема

Изработила: Ива Манова

www.karpos.gov.mk

БЕСПЛАТНО КАФЕ-УЖИВАЊЕ ВО КАРПОШ СО „ФОРЦА“

Карпош изминатиот месец беше местото каде што можевте да си дозволите вистинско „утринско кафеуживање“ во познатото спортско кафуле „Форца“. Во него се реализираше проектот „Здраво комшија“ кој имаше цел да придонесе во социјализацијата на жителите на општина Карпош, но и пошироко. На тема „утринско кафеуживање“ во познатиот спортски кафе бар „Форца“, овој едномесечен проект беше вклучено кафе, тренинзи и совети за здрава исхрана. Менаџерот на кафе барот „Форца“, Крсто Златков, изрази благодарност до Општи-



на Карпош за поддршката на овој проект кој има тенденција да прерасне во традиција.

Кафе барот „Форца“, веќе 12 години претставува синоним за спорт, рекреација, забава и уживање. Тој е и една од најпосетуваните локации во Општина Карпош. За постоењето на еден ваков проектен концепт заслужни се граѓаните, како и вработените во локалните компании. Проектот има социјално-општествен карактер, односно има цел да ја зголеми свеста на граѓаните за водење здрав живот и здрава исхрана, како и интелектуална социјализација– рече Златков .

На бесплатното кафе се приклучи и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, кој честопати беше гостин на кафе барот „Форца“ и се дружеше со граѓаните. -Ова е прекрасна иницијатива на „Форца“. -Јас ја поздравувам иницијативата, но и сите култни места за дружба и забава кои ги има Општина Карпош – изјави Јакимовски и јавно ги повика како младите, така и возрасните жители на Карпош повеќе да се дружат и да водат здрав жи-вот. Во рамките на проектот, а благодарение на врвниот готвач и шеф на кујната на „Форца“, Владо Огненовски, менито на барот беше изменето и приспособено кон здравите навики и здравите оброци. Во рамките на проектот, заинтересираните посетители имаа можност со велнес-експерти да се советуваат за здравите начини на исхрана, додека во попладневните часови се организираа спортски активности (фит-кампови).

М.Г.



ДОБРОДОЈДОВТЕ ПРВАЧИЊА

По повод првиот училишен ден, училиштата на територија на Општина Карпош ги отворија вратите за новите првачиња и останатите основци. Во рамките на добро познатиот датум, први септември, Денот кога започнува учебната година, во холот на десетте основи училишта се одржаа свечени приредби со музички и театарски точки во знак на пречекување на новите основци. Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, кој беше гостин во ООУ „Димо Хаџи Димов“, топло ги поздрави новите првачиња на кои им посака успешен почеток на учебната година. -Ќе ми биде мило некој од овие првачиња да биде идниот научник, нобеловец, инженер, доктор, но најважно е овде да се раѓаат вистински граѓани на Република Македонија и да ги почитуваат своите родители и постарите. Јас со посебна гордост можам да истакнам дека вашите дечиња ќе учат во едно од најдобрите училишта во Карпош како и во Република Македонија. Учениците од прво, второ и трето одделение ќе имаат бесплатни ужинки, а пак, учениците до шесто одделение ќе одат бесплатно на еднодневни екскурзии. Нашата цел е родителите да немаат никакви трошоци што се однесува до училиштето во делот на ужинките и екскурзиите. Ние како локална самоуправа и понатаму ќе даваме поддршка на основците бидејќи се гордееме со нив и очекуваме од нив да постигнуваат високи резултати – истакна Јакимовски нагласувајќи дека на територијата на општина Карпош запишани се над 500-ни ученици во прво одделение. Тој посочи дека со одлуката за реонизација во училиштата, се намалува бројот во одделенијата со цел да има поквалитетна настава и поголема дисциплина, како и поголемо внимание на секој ученик поединечно. Претседателот на Советот на Општина Карпош, Сашо Лазаревски, беше во посета на првачињата во ООУ „Владо Тасевски“ кои ги поздрави и им посака успешна учебна година и среќен почеток. -Општина Карпош е место во кое сите основни училишта се во добра кондиција, модерни и современи каде што учениците имаат можност за квалитетно образование. Локалната самоуправа и натаму ќе дава поддршка на учениците кои ќе постигнат најдобри резултати, со тоа што Општината има одвоено буџет од каде ќе се делат стипендиите за талентирани ученици и спортисти – рече Лазаревски.

М.Г.



ТВИТЕР ХУМОР

@kikecvetche

„Ставете ја тавата на тивок оган...“
Демек има бучен оган?

@BBozh

Селфи стик порано беше ружниот у друштво!

@RumShtangla

Кај се родив тука па и женско па и со овие ставови

@mojokilington

Ко ќе завршат одморите селфи стиковите ќе ви се најдат за мешање ајвар.

@kocevz

-Шефе, извини што доцнам на работа...
-Нема гајле сине, оди во канцеларија мама ти спреми доручек

@bonitopp

-Како до рамен стомак?
-Легни на грб.

@da_danail

Јас: Ејјј мамо, ме фати грч!
Мајка ми: Некоја книга да те фатеше, испитна ти иде.
#ЕднаЕМајка

@bratotnazevs

На бебе кога ќе му кажат „Абе кај си ти?“, што очекуваат да им каже?
-Еве лабаво со мајка ми, ти добра?

@InaMnogufina

Вадам селфи стап и баба ми ми вика "убаво помини по ќошевите горе"

@TheTetka

Што знае желба за доста?

@ceciliaa537

Фала што ме покани да те гледам додека го гледаш телефонот

Изработила: Ива Манова

ОПШТИНА КАРПОШ-ДОМАЌИН НА ШАХОВСКОТО ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО 2015

Општина Карпош во соработка со шаховскиот клуб „Гамбит Асеко СЕЕ“, оваа година ќе биде организатор на елитен шаховски настан – 31-то Европското клупско првенство.

Интензивните подготовки за овој врвен спортски настан се во полн ек. Секојдневно се пријавуваат учесници и веќе се знае дека на Европското првенство, кое ќе се одржи од 17 до 25 октомври, ќе учествуваат 14 велемајстори во шах и околу 25 играчи со титули, интернационални и ФИДЕ-мајстори. На клупското првенство во шах ќе присуствуваат женски и машки екипи од 27 држави од Европа,





Европа, и тоа: Франција, Германија, Белгија, Русија, Белорусија, Азербејџан и други.

Од актуелната светска рејтинг листа на „топ 30“ шахисти, веќе е сигурно учеството на 25. Карпош годинава ќе биде домаќин на поранешни светски прваци во шах како Владимир Крамник од Русија, Веселин Топалов од Бугарија, а од жените првенки во шах на светско ниво ќе дојдат Александра Костењук, Украинката Ана Ушињина, Антоанета Стефанова и други.

Она што е од посебно значење за вљубениците во древната шаховска игра е што во живо, преку интернет ќе се пренесуваат едновремено натпреварите на 60 табли и милионски аудиториум ќе може да го следи шаховското европско „дерби“ на chess.com, директно од Карпош. Ова Европско клупско првенство по шаховската олимпијада се смета за настан број 2 по важност.

На Европското првенство ќе учествуваат и три македонски екипи во шах во машка конкуренција и две или три во женска конкуренција. Сите екипи на ова Шаховско првенство ќе бидат составени од по шест играчи и двајца во резерва кај мажите и една кај жените шахистки.

Целиот турнир ќе се одигрува во седум кола, а наградниот фонд на кој генерален спонзор е Општина Карпош изнесува 45.000 евра.

Инаку, од досега пријавените 65 екипи, од цела Европа, за најголем конкурент се смета екипата „Сокар“ од Азербејџан. Пријавувањето на екипи сè уште е во тек.

Впрочем, како што изјави првиот човек на локалната самоуправа, Стевчо Јакимовски, четири години навистина сме квалитетно испраксирани за вакви првенства и турнири кои се од висок ранг. Главната референца која што ја стекнавме, и која што всушност не препорача да ја добиеме оваа организација, е најдобриот шаховски турнир „Карпош опен“, кој прерасна во традиција и кој се рангира во најдобрите пет турнири во Европа. Како резултат на добрата организација во минатото, ја стекнавме довербата на Европската шаховска федерација, која одлучи да ни го додели овој Европски клупски шампионат.

В. Цветковска

ЗАПОЧНУВААТ СПОРТСКИТЕ УЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

Седмите по ред спортски училишни лиги, полека но сигурно се подготвуваат да започнат со полна пареа. Свеченото отворање ќе се одржи на 23 септември во СЦ „Форца“, каде повторно талентираните спортисти ќе имаат можност да се натпреваруваат во одбојка за девојчиња, кошарка, фудбал, тенис и шах. Традиционалните спортски училишни лиги ќе се играат во есенскиот и пролетниот дел во кој ќе се натпреваруваат учениците од десетте основни училишта на територија на општина Карпош. Наградниот фонд ќе биде ист како и изминатите години, а ќе бидат наградени и најталентираните играчи на натпреварите, тренери и стрелци.

Но, тука спортското уживање не престанува. По повод Денот на Општината, 3 ноември, ќе бидат организирани куп натпревари каде ќе се одиграат пријателски натпрвари кои ќе ги одиграат најталентираните спортисти-ученици од основните училишта во општина Карпош.

М.Г.

Градоначалник 02 / 3061- 353
Претседател на Совет 02 / 3061- 353
Секретар 02 / 3061- 353
Сектор Поддршка на Градоначалник
02 / 3055 – 912
Одделение за координација на помошни работи
02 / 3055 – 913
Одделение за прашања од областа на месната самоуправа
Миле Стевков - *раководител на одделение*
02 / 3078 – 116 и моб. 070 – 235 – 790
Одделение за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра
Раде Мицковски и Петре Кузмановски 02 / 3068 – 151, 02/ 3069 – 910 моб. 071 - 261 – 233 и моб. 072 – 270 - 645
Одделение за енергетска ефикасност
Љупчо Димов моб. 072 – 273 – 986
Сектор за правни работи
02 / 3055 – 903
Сектор за Поддршка на советот на Општина Карпош
Ивана Ордевска моб. 078 – 486 – 962
Одделение за недвижен имот и постапка за експропријација на недвижности
Томе Ѓурчилов - *раководител на одделение*
02 / 3055 – 900 и моб. 078 – 486 – 948
Сектор за урбанизам, просторно и урбанистичко планирање и проектирање
Благица Блажевска - *раководител на сектор* 02 / 3055 – 955 моб.072 – 225 – 977
Сектор Инспекторат – 02 / 3055 – 929
Елеонора Стојановска – *раководител на сектор - главен инспектор* Моб. 071 – 262 – 609

Сектор за финансиски прашања
Мирјана Ѓорѓиевска – *раководител на сектор* - 02 / 3055 – 923 и моб 070/257-927
Сектор за јавни набавки
Мире Десоски - *раководител на сектор*
02 / 3055 – 900 и 078 – 239 – 908
Сектор за развој на општината
Евантија Стојановска - *раководител на сектор*
02 / 3069 – 910 и 070 – 383 – 944
Сектор за уредување на градежно земјиште и комунални работи
Петар Ивановски – *раководител на сектор* моб. 070 – 338 – 274 и Живко Грујовски моб. 072 – 214 – 354
Сектор за дејности од јавен интерес
Анета Марковска - Илиевска – *раководител на сектор* моб. 078 – 487 – 644 - Гордана Стојчевска Зафировска - *помошник раководител* 071 – 345 – 686
Одделение за Спорт и Култура
Патрик Поповски - *раководител на одделение*
02 / 3055 – 930 и 071 – 346 – 023
Сектор за информатичка технологија
Роберт Јанковски 072 – 273 – 995 и
Златко Чегар - *раководител на одделение за ГИС* моб. 071 – 341 – 205
Оделение за односи со јавност
02 / 3055 – 917 и 02 / 3055 – 920
Виолета Цветковска - *раководител на одделение* моб. 070 / 387 – 551
Оделение за човечки ресурси 02 / 3055 – 903
Архива и инфо центар 02 / 3055 – 954, 02 / 3055 - 959



Ана Јаневска – рекордерката на државното првенство во пливање

ОД РЕКРЕАЦИЈА ВО ВИСТИНСКА ОЛИМПИЈКА

Иако има само 13 години, Ана Јаневска е успешна пливачка која ги брани боите на нашата држава. Таа е уште еден пример за супер-талент со кој Карпош неизмерно се гордее. Ана е ученичка во ООУ „Вера Циривири-Трена“ и покрај големите обврски кон пливањето, сепак успева да биде редовна ученичка и да реди високи оценки. Оваа талентирана ученичка, започнала од многу мала рекреативно да се занимава со пливањето, но вели дека никогаш не замислувала за толку високи резултати.

- Со спортот почнав да се занимавам рекреативно. Но, не бев ни самата свесна дека ќе постигнам толку многу големи успеси. И кога мојот тренер ми кажа дека можам да бидам добар пливач, почнав сериозно да се занимавам со спортско пливање и натпреварување.

За успесите да бидат такви како што се, потребно е Ана напорно да тренира, да вложи труд и да посвети големо внимание. Пред сè, таа вели дека многу е важно физички и психички да е подготвена.

Карпошовата олимпијка тренира во СЦ „Борис Трајковски“, а нејзин „виновник“ за постигнатите резултати е тренерот Андреј Селезанов. Ана Јаневска е позната по тоа што го запали огнот на малите олимписки игри кои се одржаа во Општина Карпош во мај оваа година. Учествувала на многу натпреварувања од каде ретко се враќала без медал или пак признание.

-Досега сум учествувала на првенства во Србија-Лесковац, во Грција-Солун на Медитерански игри, а пред неполн месец се вратив и од Олимпијадата во Грузија-Тбилиси – рече Ана која беше премногу задоволна од организацијата на Олимпијадата и од големата конкуренција која за неа беше само предизвик за се подобри резултати. Досега Ана се соочува со искуства кои и значат премногу и од каде се враќа со награди и успеси. За неа едни од поважните се неодамнешната Олимпијада во Грузија, како и Медитеранските игри во Грција.

При нашата средба, Ана ни ги покажа постигнатите награди и медали и ни раскажа за „соборувањето“ на својот државен рекорд.

-Досега имам добиено многу награди. На државното првенство, пред само еден месец, го урнав и мојот досегашен државен рекорд на 50 метри во дисциплината делфин.

Ана Јаневска е една од многуте талентирани спортисти со кои изобилува Општина Карпош. За



нејзиното натпреварување, локалната самоуправа и додели финансиска помош.

-Би сакала да се заблагодарам на градоначалникот, Стевчо Јакимовски, бидејќи ми овозможи финансиска помош кога бев во Виена, но и сега за Олимпијадата во Грузија.

На прашањето, кои се нејзините идни планови, Ана беше сигурна во себе и веднаш одговори.

- Моите планови се да постигнам уште многу високи резултати и да покажам дека можам и повеќе од она што досега сум го достигнала. Целта ми е да учествувам на Европско првенство или повторно на некоја олимпијада.

Општина Карпош го носи епитетот најспортска општина, а има и зошто.

Мила Глигорова



Јоана Станиќ

Септември '15

ОВЕН-Во периодот што следи ќе имате можност за почнување на нови проекти, промена на работното место, нови договори и напредок. Во љубовта партнерот ќе ви посветува повеќе внимание и ќе може да ги решите сите несогласувања. Здравје: одлично.

БИК-На работен план ќе имате мала стагнација и периодот не е поволен за почнување на нови проекти. Внимавајте на трошоците. Многу авантури, а за оние во стабилни врски потребно е повеќе да ја негуваат љубовта. Пазете се од повреди и алергии.

БЛИЗНАЦИ-Што и да работите потрудете се да го дадете максимумот. Ќе имате вонредни трошоци затоа скратете ги луксузите. Можни се фамилијарни расправии и повеќе поработете на комуникацијата со спротивниот пол. Чувствителни ви се органите за дишење, чувајте се од настинки.

РАК-Ќе имате можност да си дозволите мали ситни задоволства, но не претерувајте. Избегнувајте позајмици. Во љубовта сте станале мрзеливи, па потрудете се да ја освежите емотивната страна на личноста. Потребен ви е мир.

ЛАВ-Ова е ваш период и искористете го за сето она што сте го планирале претходно. Сепак внимавајте во втората половина на месецот на непотребни трошоци. Не се откажувате од егото, но потрудете се да се усогласите и со партнерот и со околината. Повеќе овошје и свеж зеленчук.

ДЕВИЦА-Ова е период на затишје по кој следи бура, затоа собирајте енергија за да го дочекате идниот период со полна сила за реализација на сите проекти. Потребен ви е мир, кој најлесно ќе го најдете во друштво на партнерот. Здравата храна ќе ја обнови вашата енергија.

ВАГА-Доколку сте биле вредни во претходниот период сега е време да очекувате награда, а доколку не, тогаш ќе мора напорно да работите. Не влегувајте во нови врски, а во постојните ќе има многу недоразбирања. Бидете потолерантни. Внатрешниот глас ќе ви каже што ви е најдобро за здравјето.

СКОРПИЈА-Невработените нека бараат работа овој месец, а вработените можат да очекуваат напредок во работата. Бесот немојте да го истурате врз партнерот, подобро поразговарајте со себе. Шетајте во природа за да може насобраниот бес да го елиминирате.

СТРЕЛЕЦ- Многу предизвици на работен план кои можат да ви донесат профит. Сепак, не избрзувајте во донесување на одлуки. Почетокот на периодот ќе биде бурен со несогласувања, за потоа да уживате во романтика. Спортувајте.

ЈАРЕЦ- Се што работите двапати проверувајте го, за да избегнете можни грешки кои во иднина би можеле да ви наштетат. Овој месец за многу Јарци е поволен да го кажат судбинското „ДА“ или да ја зацврстат врската. Ако се занимавате со спорт внимавајте на повреди. Проблеми со варењето.

ВОДОЛИЈА-Доколку сакате да инвестирате во нови проекти причекајте. Ќе имате плодна соработка со деловните партнери. Во првата декада на месецот можност за нова љубовна врска која може да прерасне во сериозна. Треба да бидете поодговорни во однос на здравјето.

РИБИ-На работен план може да напредувате во секоја смисла на зборот. Искористете го за реализација на вашите идеи. Во љубовта тензично и променливо, но запрашајте се дали вина сноси само партнерот. Пливајте, тоа ќе ве ослободи од стресот.

Бахова цветна терапија

CLEMATIS(CLEMATIS VITALBA)–ПОВИТ, СОЛОМОНОВА ЛОЗА БЕГСТВО ВО СВЕТОТ НА ФАНТАЗИЈАТА



Клематисот им е потребен на личности кои живеат во сопствен свет, кои не се заинтересирани за реалноста и кои многу тешко успеваат да живеат во сегашноста. Овие личности на некој начин не се среќни и тагуваат по подобрите времиња, но во исто време не се подготвени да направат нешто за да ја подобрат сопствената ситуација.

Реалноста им е напорна и повеќе сакаат да се повлечат во сопствениот свет на фантазии во кој се чувствуваат посигурно. Имаат лошо памтење и не обрнуваат внимание на детали. Не се концентрирани на ниедна активност и често можат да се повредат заради недостаток на внимание. Не се агресивни, ниту пак плашливи, бидејќи се наоѓаат вон реалноста. Тешко може да се активираат, немаат сила и виталност.Често ако ги набљудуваме изгледаат како да се отсутни, сакаат да бидат сами и не сакаат да се конфронтираат. Живеат во сопствениот хаос (несреден живот и животен простор) бидејќи немаат енергија да направат ред во сопствениот живот.

Кога ќе се разболат, не се обидуваат ништо да преземат што би им помогнало да оздрават, туку и се препуштаат на болеста.Често имаат студени екстремитети, проблеми со видот и слухот (бидејќи бегаат од реалноста), сакаат да спијат и често изгледаат ненаспани и зашеметени. Клематисот често се дава кај личности кои изгубиле некоја драга личност со која би сакале да се повторно. Помислата на смрт им е примамлива, иако немаат желба за самоубиство. Децата клематис не можат лесно да се концентрираат, но не заради недостаток на талент или памет, туку заради тоа што живеат во свој свет.

Позитивната страна на давањето на овој лек е враќањето на интересите за живот и уживањето во него. Кога личноста ќе се отвори кон светот добива можност да ги искористи своите креативни потенцијали, особено во уметнички поглед. Се станува свесен за реалноста и за сегашноста и се добива сознание дека иднината се создава во сегашноста.

Она што прави клематисот е да ги поврзе креативноста и талентите кај личноста со реалниот свет правејќи мост помеѓу духовниот и физичкиот свет. Личноста ќе може себеси да се реализира, да го достигне својот полн потенцијал и концентрација кога е потребно. Фантазиите се стабилни и не се присутни 24 часа, со што личноста може да функционира сосема нормално со реалниот свет. Кога е во негативна состојба клематисот најчесто болува од: ненаспаност, псоријаза, депресија, недостаток на концентрација, несвестица, анорексија, булимија, зависности, бавно лечење, студени екстремитети, артериосклероза, глувост, мускулна хипотонија – млитавост.

Јоана Станиќ

SKOPJE 2015
EUROPEAN CHESS CLUB CUP

ECU
European Chess Union



ЕВРОПСКО КЛУПСКО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ

17-25 октомври Скопје - Македонија

